# МАКЕДОНСКО СЕСТРИНСТВО

Macedonian Journal of Nursing




- СЕГАШНОСТ И ИДНИНА НА НЕГАТА НА БОЛНИ ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ
- УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО БОЛНИЦАТА „ПЛОДНОСТ“ ВО ТРЕТМАНОТ НА ИВФ ОПЛОДУВАЊЕ
- НОВ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА - БИТОЛА
- ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДОЕЊЕТО ВО ОПШТИНА БИТОЛА
- МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ГРИЖАТА ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА
- СЛУЖБА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

# ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА ДОЕЊЕТО ВО ОПШТИНА БИТОЛА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2012 ГОДИНА



**Вовед:**

Мајчиното млеко претставува совршен облик на исхрана за секое доенче. Тоа ги содржи потребните заштитни антитела, кои не можат да се најдат како составен дел во ниту една друга хранлива материја. Токму поради тие причини, многу значајни здравствени организации како: Американската академија на педијатри, Светската здравствена организација и УНИЦЕФ, го препорачуваат доењето како приоритетен облик на исхрана, најмалку во првите 12 месеци од животот на секое дете. Од доењето корист имаат бебето, мајката и семејството. Доењето е цврста, емоционална врска, која го поврзува бебето со мајката, кај мајката го забрзува процесот на враќање на матката во својата предбременска големина, продуцира релаксирачки хормони, согорува калории, го намалува ризикот од рак на дојка

**Цели:**

Основните цели на овој труд беа:

Да се утврди преваленцијата на доење во Битола, во периодот од почетокот на 2010 до крајот на 2012 година.

Да се утврди каква е зависноста на преваленцијата на доење во однос на одредени демографски карактеристики, националност, возраст, образование на мајките.

Да се укаже на улогата на медицинската сестра во поттикнување и поддржување на доењето, како важен предуслов за понатамошниот раст и развој на доенчето.

Материјали и методи: Истражувањето беше спроведено во Здравствениот дом во Битола, во Службата за превентивна здравствена заштита на деца на возраст од 0 до 6 години. Во оваа ретроспективна, епидемиолошка студија беа анализирани сите новородени деца во Општина Битола,

Мајките од ромската националност, најчесто (95%) и најдолго ги доеле своите деца, до 9 месеци;

Најчесто мајките коишто ги доеле децата биле на возраст од 25 години;

Мајките-доилки, најчесто биле со средно образование;

Се препорачува, промоција на доењето од страна на целокупниот медицински персонал како единствен правилен начин за исхрана на новороденчето што овозможува правилен раст и развој и позитивно влијание на емотивното и социјално созревање на детето и негова заштита од инфекции.

Во советувалиштето во Битола, во последните 3 години, од истражувањето се забележува тренд на прифаќање на доењето како најдобар начин на исхрана. Се зголемува процентот на мајки коишто ги дојат своите деца и трендот на намалување на деца кои воопшто не се доени.

Преваленцијата на доење на доенчињата во Битола е висока, особено кај мајките од ромска националност. Веројатно тоа се должи на традициите, културните навики и економската состојба на овие семејства. Медицинските сестри, во сите здравствени установи, треба да го промовираат доењетоуште во пренаталниот период, како најважен биолошки и психолошки однос на мајката со своето доенче, кој придонесува за здрав емоционален развој и подоцнежна успешна социјална адаптација на детето.

*Марија Мицковска, Д. Рајчановска,*
*Т. Јовановска, В.П. Стојчевска,*
*И. Филов, Г. Р. Димитровска.*

*Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола,*
*Висока медицинска школа*

